**ЗАПИСНИК**
**од 20–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.07.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.06.2021 година.
2. Предлог за давање одобрување за донесување Решение за трансформација на работен однос на 1 (еден) вработен во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-решение и Предлог-договор.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.06.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување Решение за трансформација на работен однос на 1 (еден) вработен во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-решение

и Предлог-договор. Објасни дека формално лицата во Агенцијата се вработени подолг временски период, повеќе од 4-5 години со договор за вработување на определено време. Посочи дека на една од минатите седници која се одржа пред неколку месеци на четворица лица им се трансформира работниот однос од определено време на неопределено. Има уште еден вработен и со тоа се исцрпува бројот на вработени кои што подолг временски период работат во АВМУ. Објасни дека има уште неколку лица вработени на определено време во Секторот за правни работи, но според укажувањата на раководителите на тој сектор овие вработени не ги задоволуваат критериумите за да може да им биде трансформиран работниот однос од определено со договор на неопределено време.

Г-дин Петрушевски рече дека лично не ја познава вработената, можеби визуелно, но во секој случај има доверба во раководителот на Секторот за стратешко планирање и авторски права и во директорот на Агенцијата и затоа ќе даде поддршка и ќе гласа да се одобри предлогот за трансформација на работниот однос на неопределено време за предложената вработена.

Г-дин Ајдини рече како што образложил директорот така и во материјалите по точката стои дека предложениот работник ги извршува работните задачи квалитетно, професионално и совесно. Исто така обрна внимание дека во одделението за стратешко планирање се предвидени 5 места, а во моментот се работно ангажирани 3 лица. Од таа причина рече дека заслужува на предложената работничка да и се трансформира работниот однос од определено во неопределено време и ќе гласа „за".

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе Решение за трансформирање на работниот однос на неопределено време на работникот Сања Гудеска-Здравковска и да склучи Договор за вработување со истата, бидејќи работникот повеќе од две години работи на работното место кое е слободно.

За горенаведеното Решение за трансформирање на работен однос на неопределено време, се утврди дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има трајна потреба од работникот и за работното место се обезбедени финансиски средства.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2495/3**
**22.07.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**